**Петр Станчик**

# НУЛОРОГ

Превод од чешки јазик
Донка Роус

Скопје, 2020

# поглавје 3

*Не сакам да голтам пламени*
*и така тоа не е можно*
*ми се спие*
(Филип Топол – Ми се спие)

На врата за малку ќе се судрев со маж кој само што влегуваше внатре. Висок, слаб и полноќно темнокос, на прв поглед пример за позитивен херој од стрип за млади. Познато лице од масмедиите. Патрик Метилоун, активист за животна средина и претседател на еколошката организација „Палатинова планета“. Помина покрај мене без да ме забележи, му ја подаде на Врутец десната рака, а левата си ја подржи.

„Ужасна трагедија! Кутри носорози. Всушност, женки носорози за да бидам родово коректен. Драг Алво, примете го моето сочувство. Кога ја видов таа несреќа на телевизија, веднаш се ослободив. Бев, знаете, врзан со синџир на карпа од варовник, која е дом на загрозен вид на растенија, како што е кафеав развратник, евреjовиновник германски или змиина пченка, за капиталистите да не можат да го дигнат во воздух

и да го сомелат во вреќи за цемент. Но сега најверојатно им успеало.“

Метилоун, совладан од тага, ја наведна брадата на градите, со што откри дека инаку совршената симетрија на неговиот изглед ја нарушуваат двата витли во косата на темето – едниот завртен надесно, а другиот налево. Тоа ме заинтересира, бидејќи повеќето луѓе, заедно со мене, имаат на главата само еден вител.

Понатаму веќе не го слушав екоактивистот и тргнав назад кон портата. Мојот автомобил беше изгубен помеѓу телевизиските коли. Полициската лента беше скината и изгазена во калта. Врвеше од новинари околу пепелиштето како краби околу кит исфрлен на брегот. Мршојадци на слики. Хиени на чувства. Празнопејачи, како што таквите ги нарекувал Јан Хус.

Седнав во автомобилот, со цик-цак излегов од опколениот дел и се вратив на патот. Прашањето, каде да се оди на ручек, беше одговорено однапред, пред да падне, зашто блиску до Царскиот Остров се наоѓаше мојот омилен ресторан „Кај Дваесетти“. Се наоѓаше во билијардската сала на убавата новоренесансна „Вила Лана“. Овдешната кујна беше позната, но главна мамка на локалот беше можноста по јадењето да си ја расклопите фотељата како удобен кревет и да си дремнете едно дваесетина минути. Нарачав јадење кое порано нормално се наоѓаше на менито на гостилници од пониски категории, но сега речиси исчезнало, исто како таа змиина пченка на Метилоун: јагнешки внатрешности на павлака со ѓумбир и свежо набран темјан.

Тоа сигурно не беше ручек на воин, не беше напола крвав, напола поцрнет бифтек туку смирена хармонија со космичките ритми, спомен на фантастично спојување на вкусот на града и на мајчиното млеко. Кога ги голтав последните залаци, ми текна дека за овој онесвестувачки киселкав вкус дури и

би убивал. По ручекот ми донесоа кафе, а наместо десерт, побарав да ми ја расклопат лежалката. Хоризонталната положба брзо ме пренесе во сон и сонував многу чуден сон:

Одев на прошетка со куче. Всушност, тоа не беше куче, туку мал разигран носорог. Дојдовме на брегот на езерото и наеднаш малиот носорог почна да беснее. Се наведнав над водата за да видам на што лае толку. Под водата се движеа силуети на срни, смирено пасејќи алги на дното на езерото. Кога се изнагледав, носорожето не беше таму. Во раце ми остана само празното ремче. Од езерото излезе една срна, се истресе и рече дека ќе ми помогне да го најдам изгубеното носороже. Баравме насекаде, но попусто. На крај, целиот изморен и очаен се вратив дома. На масата лежеше плех полн со свежо испечени колачи – бухти. Зедов едно во рака, сè уште беше топло и внатре нешто се мрдаше. Откинав парче тесто, а од колачето скокна моето носороже, здраво и живо, почна радосно да потскокнува по масата и да си ја брка опашката.

По ручекот без волја се вратив во канцеларија. На гробиштата најсвежиот погребан мораше да е на стража, сè додека не ќе донесоа друг мртовец. Мене пак, како на чирак, ми ја доделија најлошата работна маса, во сенката на прераснатиот јазик на свекрвата, веднаш до вратата на клозетот.

Ги пуштив снимките од безбедносните камери од Врутец. Не го опфаќаа само ентериерот на леглата на носорозите, туку и влезната врата и сите четири страни на плотот, а ноќе автоматски се префрлуваа на инфрацрвен спектар. Така, ако влезе внатре туѓ човек, камерите би морале да го регистрираат. Но никаков натрапник тука не се појавил.

Освен самиот Врутец, фирмата имаше само тројца вработени: двајца негуватели, кои се менуваа преку ден и ноќниот чувар. Си направив преглед на вчерашните настани:

*29. август*
*4:55 дојде утринскиот негувател на носорозите*
*9:03 дојде Врутец*
*13:48 дојде попладневниот негувател на носорозите*
*14:09 си замина утринскиот негувател на носорозите*
*17:04 дојде камионче со храна, возачот ги истури вреќите во автоматскиот дозер за храна и веднаш замина*
*19:27 Врутец замина*
*21:52 дојде ноќниот чувар*
*23:11 замина попладневниот негувател на носорозите*
*30. август*
*0:00 чуварот влезе во шталата*
*0:05 во шталата избувна пожар, крај на снимката*

Малку размислував, дали датумот 30. август да го напишам пред, или дури зад редот со време нула часа нула минути. Точно на полноќ всушност ги спојува двата дена, а истовремено не спаѓа ниту во еден. Ми текна дека тоа е во врска со античкиот парадокс наречен Ахил и желката, со кој Зенон од Елеја докажуваше дека движењето е само привид: најбрзиот од Грците, Ахил, се натпреварува во трчање со најспорото животно, желката. Желката е стопати побавна, затоа добива предност. Ахил дотрчува на местото, од каде желката почнала, но таа во меѓувреме се помрднала за една стотина од првобитната оддалеченост и така натаму дури до бескрај, така што Ахил желката никогаш нема да ја престаса. Аристотел против парадоксот аргументираше со размислувањето дека збирот на бескрајната низа на оддалечености и времиња може да биде конечен, ако неговите членови доволно брзо се намалуваат. Тоа, се разбира, е бесмислено, и уште потажно е што по Аристотел сите до денес го повторуваат како папагали. Никаква бесконечна низа, иако има краен збир, всушност нема никаков последен чекор,

така што не може никогаш да се помине целата. Вистинското решение на Зеноновиот парадокс се состои во тоа дека ниту просторот ниту времето не се непрекинати, туку се составени од мали, но понатаму неделиви делови или квантуми. Најмал квантум во просторот е таканаречената Планкова должина, околу 16 сексилионтини од метар, а најмал квантум на времето е Планково време, приближно 54 септилијардини од секунда. Двајцата натпреварувачи, значи, не се движат континуирано, туку со низа скокови со големина на Планковата должина. Штом Ахил ќе дојде до истиот квантум на должина како желката, едноставно преку него ќе се помести порано од неа, па така ќе ја престигне.

Фасцинантно размислување, но за да го најдам пироманот тоа нема да ми помогне, така што го оставив датумот таму каде што беше и се вратив повторно на случајот.

Од снимката на пожарот не можеше ништо посебно да се извлече. Чуварот излегувал на обиколка точно секој половина час. Четирипати не се случило ништо посебно. Петтиот пат дошол на површината насред кругот на заспаните животни. Ја кренал раката, погледнал на часовникот и во тој миг целата слика ја облеала светлина. Делувала со толку ослепувачки впечаток, што успеала да ги измами очите за да болат, иако на екранот тоа било само измама и лага.

Тука завршува филмот, бидејќи камерата наеднаш се стопила од жештината.

Се јавив на началникот дека одам да ги сослушам негувателите на носорозите и излегов на улица. За среќа ги најдов двајцата заедно во ресторанов „Кај Жедните линии“ во градината на смиховската новоренесансна вила *Вацлавка*, каде ја растопуваа во алкохол тагата над загубата на своите штитенички.

Си седнав до нив за да дознаам дека женките носорози се викаа Балерина, Принцеза, Русалка, Кривоноска, Марка-

Терка, Црвенкапа, Забеста, Пинкалинка, Тропонога, Каламити Џејн, Дебелата Берта и Дамата ждерачка. Дека Балерина при секојдневното стружење на роговите немирно танцуваше, Дамата ждерачка стоеше само кога ќе добиеше однапред нешто вкусно, додека Тропонога грубата турпија вистински ја засака и никогаш не ѝ беше доволно стружењето. И многу други раскажувања за носорожици.

Исто така ми тврдеа дека нозорозите потекнуваа од темни еднорози кои се одметнале на страната на злото, не заспивале во скутовите на девици, туку со својот рог ги силувале, а за казна се здебелиле и огрубеле до својата денешна форма.

Морав негувателите да ги пречкртам во списокот на сомнителни. Тие двајца не би повределе ниту пиле. А камоли носорог. Згора на тоа, за целата ноќ имаа непобитно алиби, првиот бил со жена си на средба со пријателите на групен секс, другиот пеел во црковен хор во светиот Хаштал.

Се стемнуваше, значи беше доста работа за денес, и јас излегов да се шетам по кафеаните, каде обично одат од досада дамите. Имав среќа, овој пат дури во кафеаната „Кај реалистите", скриена во приземјето на црквата Хусовиот корпус во Дејвице. Фасадата на монументалното здание во себе ги мешаше можеби сите архитектонски псевдостилови – од новоромански преку новоготски, новоренесансен дури до новобарокен во див вртлог на сводовите и кривите. Таа седеше сама на масата, пиеше црвено вино, имаше кратко потстрижена коса, го читаше списот на Гете *Über den Karlsbader Zwilinge* и беше на свој начин многу убава.

„Добровечер! Може да седнам?"

Таа разгледа наоколу, прво хоризонтално по просторијата, а потоа вертикално по мене.

„Молам," покажа со раката на столот наспроти себе и повторно се зачита.

Ја оставив извесно време да зрее. Знаев дека нема долго време да издржи и ќе ме погледне. Се случи тоа.

„Не сакам да Ве прекинувам, но, според книгата, мислам дека се интересирате или за Гете, или за кристалографија," реков, штом нашите погледи се споија.

„Па, по малку од двете," се насмеа. „Вие се разбирате во тоа?"

„Не само тоа. Случајно имам едно вистинско карловарско близначе во своите збирки. Сакате да го видите? Автомобилот ми е во близина."

„Но јас од принцип не се возам со маж кого не го познавам."

„Простете, не се претставив. Либор Лавабо, работам во индустрија за амбалажа."

„Марцела Мицелова, студентка по теологија."

„Така, а сега веќе се познаваме. Можеме да одиме? Господине келнер, да платам."

По пат си разговаравме за Гете. Штом автомобилот се искачи на гребенот на Петшин, се отвори поглед на катедралата и на жлебестите кровови на Мала Страна. Ноќната Прага под нас позираше осветлена како моделка кај фотограф. Застанав и го исклучив моторот.

„Е, што е тоа?" се чудеше Марцела при погледот на моето живеалиште, скриено во густите грмушки кај Гладоморниот ѕид во близина на Страховскиот манастир. „Тоа изгледа сосема како кула од замок. А има дури и запчесто ѕитче околу наоколу."

„Мислиш круната наоколу. Да, го има тоа." Веќе ме уморуваше да го објаснувам постојано истото па истото, но се воздржав.

„Тоа што го гледаш е поранешна прва прашка трафостаница, посветена на свети Илија. Ја изградиле тука, за да можат во Страховскиот манастир да воведат наизменична струја. Машините внатре ги изработил славниот пронаоѓач Емил Колбен.

Додека новоготската архитектура во стилот на парлеровската готика е последно дело на претпоследниот градител на катедралата Св. Вит, Јозеф Мокер. Трафостаницата ја завршил во есента 1898 г., само неколку недели пред својата смрт. Цел век во себе ги спојувала технологијата со теологијата, но потоа ја укинале и долго време пропаѓала. За среќа, ја открив, ја купив од магистратот, го извадив трансформаторот и кулата ја средив за живеење. Не е ниту многу широка ниту долга, но затоа пак, има три ката над земја и еден под земја. А наместо тавани, вистински мрежести сводови од измазнет камен.

Отворив шише од полицата со натпис „вино за жени" и од шкафот со минерали внимателно го извадив карловарското близначе. Односно сраснати два таблести кристали на сивкастокафеав калиумов фелспат, заедно свртени како во огледало и испреплетени еден со друг, сосема како љубовници во положба шеесет и девет. Доволно беше само неколку минути и еротската аура од каменот се пренесе на нас обајцата.